РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 23.09.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5807/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог закон за Финансиска поддршка за намалување на последиците од економската криза врз земјоделското и сточарското производството и откупот на земјоделските производи во 2026 година, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Муцко Николоски
Сека Мирковић
[illegible]
Митко Трајчуков
Оливер Спасовски
Сања Лукаревска
Јована Трençевска
Миле Тачев
Fatmir Bytyqi
Димитар Ковачевски
Даниела Николова
Горан Мисовски
Блерим Бојлари
Борче Цветков
Славјанка Петровска
Бисера Костадинова Стојчевска

Предлагачи : Група пратеници

ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ВРЗ ЗЕМЈОДЕЛСКОТО И СТОЧАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВОТО И ОТКУПОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО 2026 ГОДИНА,ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, септември 2026 година

В О В Е Д

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Предлог законот за финансиска поддршка за намалување на последиците од економската криза врз земјоделското и сточарското производството и откупот на земјоделските производи во 2026 година се предлага воведување на дополнителна финансиска поддршка за земјоделските и сточарските стопанства кои произведуваат и предаваат на откуп, односно складираат производи, со цел да се намали јазот меѓу реалните производни трошоци и приходот што го остваруваат од производството.

Потребата од предлог на ваквото законско решение произлегува од состојбата на пазари во 2026 година, особено кај пченицата, оризот, винското грозје и градинарските производи, каде што откупните цени во одредени сектори не обезбедуваат покривање на производните трошоци.

Предлог законот предвидува финансиска поддршка за произведено и продадено грозје од сортите „Вранец“ и „Кратошија“, за евидентирани лозови насади кои не реализирале откуп, како и за пиперката „ајварка“, пченицата, говедата за производство на млеко и месо и за оризова арпа.

Во јули 2026 година беше објавено дека производната цена за сортата „Вранец“, утврдена врз основа на Методологијата за пресметка на трошоците за производство и пресметката на Земјоделскиот институт – Скопје, изнесува 21,8 денари за килограм. Во Предлог законот се предлага дополнителна поддршка од 8 денари по килограм продадено грозје. Предложеното решение предвидува дополнителен приход и обезбедување поголема економска одржливост на производството.

Кај пченицата согласно објавените податоци во јуни 2026 година, производителите укажуваат дека производната цена на пченицата, поради зголемените трошоци, достигнала над 20 денари по килограм, при што се наведува дека производните трошоци се зголемиле за 2 до 3 денари по килограм.

Во август 2026 година, пак, откупната цена на пченицата во Пелагонија се движела меѓу 9,5 и 10 денари за килограм, а земјоделските здруженија побарале интервентна поддршка од 5 денари за килограм.Предлог законот предвидува 5 денари дополнителна поддршка за килограм продадена или складирана пченица.

Со тоа, доколку се земе актуелната откупна цена од околу 9,5–10 денари, приходот со предложената поддршка би бил околу 14,5–15 денари за килограм, што сè уште е под производната цена од над 20 денари за килограм која ја наведуваат производителите на пченица.

Кај оризовата арпа состојбата е уште поалармантна. Во јули 2026 година беше објавено дека откупната цена на оризовата арпа се движи од 18 до 20 денари за килограм, што според податоците објавени за состојбата во секторот претставува приближно половина од производната цена. Но во исто време има уште 10.000 тони неоткупен род од претходните две жетви. Со овој Предлог законо се предвидува дополнителна поддршка од 10 денари за килограм произведена и продадена оризова арпа.

Кај пиперката, иако во август 2026 година беше постигнат договор откупната цена за пиперката што се предава на преработувачките капацитети да изнесува 30 денари за килограм, истиот не беше испочитуван. Поради тврдењето дека најголемиот дел од родот припаѓа на втора и трета класа.Со овој Предлог законот се предвидува дополнителни 10 денари поддршка по килограм, како и дополнителни 200.000 денари по хектар за засадените површини со „ајварка“.Со ова приходот од откупот би се зголемил за околу 40 денари за килограм.

Кај производството на јаболко, потребата од дополнителна финансиска поддршка е особено значајна имајќи предвид дека производителите се соочуваат со високи трошоци за производство, берба, сортирање, амбалажа и складирање, додека откупните цени не обезбедуваат соодветен приход за покривање на трошоците.

За надминување на ваквите состојби, за произведено и предадено јаболко кај регистриран откупувач и регистриран преработувач запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, да се обезбеди со финансиска поддршка од 2 денари по килограм, за најмногу 60.000 килограми по пријавен хектар.

Предлог законот опфаќа и поддршка за говедата за производство на млеко и месо во износ од 8.000 денари по грло, при што условот е за истото говедо да била остварена финансиска поддршка во 2025 година и животното да е евидентирано кај корисникот и во 2026 година.

Од наведеното јасно произлегува дека подршката од овој на Предлог законот има економска оправданост, но дека висината не може да се оценува само како апсолутен износ по килограм или по хектар. Неопходно е таа да се поврзе со реалната производна цена, реалната откупна цена и разликата меѓу нив.

Од горенаведените причини се предлага законот за Финансиска поддршка за намалување на последиците од економската криза врз земјоделското и сточарското производството и откупот на земјоделските производи во 2026 година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Целта на предложениот закон е, преку дополнителна финансиска поддршка за земјоделските и сточарските производители во секторите каде што во 2026 година е забележано значително зголемување на производните трошоци и несоодветен однос меѓу производните и откупните цени, да се намалат загубите од тековното производство, да се обезбеди неговата економска одржливост и да се создадат услови за непречено одвивање на откупот и реализацијата на земјоделските производи.

Со предложениот закон се обезбедува и дополнителна финансиска поддршка за производителите на јаболко, за произведено и предадено јаболко кај регистрирани откупувачи и преработувачи, со цел да се обезбеди поддршката на производството на јаболко и неговата економска одржливост.Со тоа се придонесува кон зачувување на домашното земјоделско и сточарското производство како и обезбедување на стабилно снабдување на домашниот пазар со храна.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот предизвикува финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 4.000.000.000 денари.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Финансиската поддршка ќе се исплатува со средства од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупен износ од 4.000.000.000 денари.

Средствата ќе се распределат за реализација на мерките за финансиска поддршка за винско грозје, пиперка „ајварка“, пченица, говеда за производство на млеко и месо и оризова арпа, согласно со износите по единица мерка и очекуваните количини, површини и број на корисници утврдени со овој закон.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

Согласно со член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, од причина што не се работи за обемен закон, предлагаме по Предлог законот за Финансиска поддршка за намалување на последиците од економската криза врз земјоделското и сточарското производството и откупот на земјоделските производи во 2026 година, Собранието да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЕКОНОМСКАТА КРИЗА ВРЗ ЗЕМЈОДЕЛСКОТО И СТОЧАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВОТО И ОТКУПОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ ПРОИЗВОДИ ВО 2026 ГОДИНА

## Член 1

Со овој закон се уредуваат мерките, корисниците, условите, висината, начинот и постапката за остварување, доделување и исплата на финансиска поддршка за намалување на последиците од економската криза врз земјоделското и сточарското производството и откупот на земјоделските производи во 2026 година.

## Член 2

(1) Корисници на финансиската поддршка за намалување на последиците од економската криза врз земјоделското и сточарското производството и откупот на земјоделските производи во 2026 година (во понатамошен текст: финансиска поддршка) согласно со овој закон се земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку носителот на земјоделското стопанство.

(2) Право на финансиска поддршка имаат корисниците од ставот (1) на овој член кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон за соодветната мерка.

(3) Корисник може да оствари право на финансиска поддршка по повеќе мерки од овој закон доколку ги исполнува условите за секоја одделна мерка.

(4) Вкупниот износ на финансиската поддршка што може да го оствари еден корисник согласно со овој закон не може да биде повисок од 6.000.000 денари.

## Член 3

(1) Финансиската поддршка согласно со овој закон се обезбедува за:

1. произведено и продадено грозје од винските сорти „Вранец“ и „Кратошија“ кај регистриран откупувач на винско грозје;
2. евидентирани лозови насади со винските сорти „Вранец“ и „Кратошија“ за кои во 2026 година не е реализиран откуп на грозје кај регистриран откупувач, под услов за истата површина да не е остварена финансиска поддршка согласно со точката 1. на овој став;
3. произведени и продадени количини пиперка од сортата „ајварка“ кај регистриран откупувач;
4. произведена и продадена пченица на регистриран откупувач или произведена пченица складирана кај регистриран складиштар;

5. одгледување говеда за производство на млеко и месо;
6. произведена и продадена оризова арпа кај регистриран откупувач;
7. произведено и продадено јаболко кај регистриран откупувач или регистриран преработувач запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.

(2) Финансиската поддршка од ставот (1) на овој член се однесува на производство и активности реализирани во текот на 2026 година.

(3) Финансиската поддршка од овој закон е дополнителна поддршка и се исплаќа независно од редовните директни плаќања и другите мерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година, доколку со овој закон поинаку не е определено.

(4) За иста количина, површина или по грло не може да се оствари повеќекратна финансиска поддршка согласно со одредбите од овој закон кога станува збор за истата намена.

## Член 4

(1) Висината на финансиската поддршка за произведено и продадено грозје од винските сорти „Вранец“ и „Кратошија“ кај регистриран откупувач изнесува 8 денари по килограм продадено грозје.

(2) Висината на финансиската поддршка за евидентирани лозови насади од винските сорти „Вранец“ и „Кратошија“ за кои во 2026 година не е реализиран откуп изнесува 300.000 денари по хектар, согласно со евидентираната површина во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(3) Висината на финансиската поддршка за произведена и продадена пиперка од сортата „ајварка“ кај регистриран откупувач изнесува 10 денари по килограм продадена пиперка, а дополнителната поддршка за засадена површина со пиперка од сортата „ајварка“ изнесува 200.000 денари по хектар.

(4) Висината на финансиската поддршка за произведена пченица изнесува 5 денари по килограм продадена пченица кај регистриран откупувач или складирана кај регистриран складиштар.

(5) За иста количина пченица од став (4) на овој член не може истовремено да се оствари финансиска поддршка по основ на продадена и по основ на складирана пченица.

(6) Висината на финансиската поддршка за одгледување говеда за производство на млеко и месо изнесува 8.000 денари по грло.

(7) Право на финансиска поддршка од ставот (6) на оовј член има корисникот за говедо кое било евидентирано во неговото земјоделско стопанство во 2026 година и за кое е остварена финансиска поддршка согласно со Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година, под услов говедото да било во сопственост или одгледување кај корисникот на денот на утврдување на бројната состојба согласно со овој закон.

(8) Висината на финансиската поддршка за произведена и продадена оризова арпа кај регистриран откупувач изнесува 10 денари по килограм.

(9) Висината на финансиската поддршка за произведено и продадено јаболко кај регистриран откупувач или регистриран преработувач запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи изнесува 2 денари по килограм предадено јаболко.

(10) Финансиската поддршка од ставот (9) на овој член се исплаќа за најмногу 60.000 килограми произведено и продадено јаболко по пријавен хектар.

(11) Количината, површината и бројот на грла за кои се исплаќа финансиска поддршка се утврдуваат врз основа на податоците од Единствениот регистар на земјоделски стопанства, евиденциите на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, податоците од регистрираните откупувачи и складиштата и другите службени евиденции.

Член 5

(1) Финансиската поддршка согласно со овој закон ја исплаќа Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, најдоцна до 31 декември 2026 година.

(2) Финансиската поддршка се исплаќа на трансакциската сметка на корисникот евидентирана во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(3) Правото на финансиска поддршка согласно со овој закон се утврдува врз основа на податоците со кои располагаат надлежните институции и податоците доставени до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој согласно со овој закон, а корисникот не поднесува посебно барање.

(4) Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, по извршената административна проверка на податоците, донесува решение за правото на остварување или неостварување.

(5) Начинот на размена, доставување и обработка на податоците потребни за утврдување на правото на финансиска поддршка се уредува со протокол или друг акт склучен помеѓу Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и надлежните институции.

## Член 6

(1) За финансиската поддршка од член 4 ставови (1), (3), (4), (8) и (9) од овој закон, како доказ за реализиран откуп се признаваат фактура, откупен блок, приемница, испратница или друг соодветен документ издаден од регистриран откупувач согласно со прописите.

(2) За финансиската поддршка за складирана пченица се признаваат податоците за складирањето од регистриран складиштар односно договорот за складирање и потврдата за предадена и складирана количина.

(3) За финансиската поддршка за лозови насади за кои не е реализиран откуп се користат податоците од Единствениот регистар на земјоделски стопанства и извршена административна проверка.

(4) За финансиската поддршка за пиперката од сортата „ајварка“ по хектар, површината се утврдува врз основа на податоците од Единствениот регистар на земјоделски стопанства и административните контроли.

(5) За финансиската поддршка за говеда се користат податоците од службените евиденции за идентификација и регистрација на животните.

## Член 7

(1) Финансиската поддршка согласно со овој закон се врз основа на податоците од Единствениот регистар на земјоделски стопанства, службените евиденции и податоците доставени до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој од страна на надлежните институции.

(2) За финансиската поддршка за произведено и продадено грозје од винските сорти „Вранец“ и „Кратошија“, произведена и продадена пиперка од сортата „ајварка“, произведена и продадена пченица, односно пченица складирана кај регистриран складиштар и произведена, продадена оризова арпа и произведено и продадено јаболко, Агенцијата го утврдува правото врз основа на податоците за реализираниот откуп и складирање доставени од регистрираните откупувачи, складишта и податоците од службените евиденции.

(3) За финансиската поддршка за евидентирани лозови насади од винските сорти „Вранец“ и „Кратошија“ за кои во 2026 година не е реализиран откуп, Агенцијата го утврдува правото врз основа на податоците од Единствениот регистар на земјоделски стопанства и податоците од извршените административни котроли.

(4) За финансиската поддршка за засадена површина со пиперка од сортата „ајварка“, Агенцијата го утврдува правото врз основа на податоците од

Единствениот регистар на земјоделски стопанства и податоците од извршените административни контроли.

(5) За финансиската поддршка за одгледување говеда за производство на млеко и месо, Агенцијата го утврдува правото врз основа на податоците од службените евиденции за идентификација и регистрација на животните, како и податоците за остварена финансиска поддршка согласно со Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

(6) Податоците од ставовите (2), (3), (4) и (5) на овој член се доставуваат до Агенцијата по службена должност, во електронска форма, во рокови утврдени согласно со овој закон и актите за размена на податоци.

(7) За пченицата произведена и складирана во периодот од 15 јуни до 15 септември 2026 година, Агенцијата може да ги користи податоците од постапката за складирање спроведена согласно со Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2026 година, доколку корисникот ги исполнува условите утврдени со овој закон.

Член 8

(1) Агенцијата врши административна проверка на податоците потребни за утврдување на правото на финансиска поддршка.

(2) Државниот инспекторат за земјоделство врши контрола кај регистрираните откупувачи и регистрираните складишта, особено во однос на количината, потеклото и датумот на откупот или складирањето, и податоците од извршените контроли ги доставува до Агенцијата.

(3) Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Државниот инспекторат за земјоделство, регистрираните откупувачи, регистрираните складишта и другите институции и правни лица кои располагаат со податоци потребни за спроведување на овој закон се должни да ги достават податоците до Агенцијата, во електронска форма, најдоцна до 30 ноември 2026 години.

(4) Размената и обработката на податоците согласно со овој член се врши во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Член 9

(1) Агенцијата за одобреното или одбиеното право на финансиска поддршка донесува решение.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член корисникот има право на жалба согласно со прописите за општата управна постапка.

(3) Поднесената жалба не го одлага извршувањето на исплатата на средствата на другите корисници.

Член 10

(1) Корисникот е должен да ги чува документите и доказите врз основа на кои е остварена финансиската поддршка најмалку пет години од денот на исплатата.

(2) Ако се утврди дека корисникот доставил невистинити или неточни податоци, прикажал поголема количина, површина или број на грла од реално утврдената состојба или на друг начин не ги исполнува условите за финансиска поддршка, Агенцијата донесува решение за враќање на неправилно исплатените средства.

(3) Корисникот е должен да ги врати средствата од ставот (2) на овој член во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(4) За средствата кои не се вратени во рокот од ставот (3) на овој член се пресметува законска камата согласно со закон.

Член 11

(1) Средствата потребни за реализација на овој закон се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) За реализација на овој закон се обезбедуваат средства во вкупен износ до 4.000.000.000 денари.

(3) Средствата од ставот (2) на овој член се распределуваат по мерки согласно со финансиската проекција на Агенцијата, врз основа на очекуваниот број корисници, пријавените количини, површини и број на грла.

Член 12

(1) Агенцијата ја врши исплатата на финансиската поддршка по спроведена административна проверка најдоцна до 31 декември 2026 година за барањата за кои се исполнети сите услови и за кои се обезбедени средствата согласно со овој закон.

(2) За барањата за кои поради објективни причини постапката не може да заврши до 31 декември 2026 година, исплатата се врши по завршување на постапката, согласно со обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија.

## Член 13

Финансиската поддршка согласно со овој закон може да се остварува и покрај другите мерки за финансиска поддршка во земјоделството, но за иста количина на производ, иста површина или исто грло не може да се исплати финансиска поддршка по повеќе основи за иста намена.

## Член 14

Надзор над спроведувањето на овој закон во рамките на своите надлежности вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Државниот инспекторат за земјоделство.

## Член 15

(1) За спроведување на овој закон корисниците не поднесуваат посебно барање за финансиска поддршка за мерките за кои се потребни податоци за утврдување на правото и се обезбедуваат по службена должност.

(2) Надлежните институции и правни лица кои располагаат со податоци потребни за утврдување на правото на финансиска поддршка се должни да ги достават до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во роковите утврдени со овој закон и актите за размена на податоци.

## Член 16

За прашањата кои не се уредени со овој закон се применуваат одредбите од Законот за земјоделство и руралниот развој, Законот за општата управна постапка и другите прописи од областа на земјоделството и финансиската поддршка.

## Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и се применува за производството и активностите реализирани во 2026 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот содржи 17 члена.

Со член 1 се уредува предметот на законот, односно мерките, корисниците, условите, висината, начинот и постапката за остварување и исплата на финансиската поддршка за земјоделските производители во 2026 година.

Со член 2 се определуваат земјоделските стопанства кои можат да бидат корисници на финансиската поддршка и условите за остварување на правото.

Со член 3 се утврдуваат земјоделските и сточарските производи и производните активности за кои се обезбедува финансиска поддршка согласно со овој закон.

Со член 4 се утврдува висината на финансиската поддршка по одделните мерки, согласно со видот на производот, количината, површината или бројот на грла.

Со член 5 се уредуваат начинот на исплата на финансиската поддршка и утврдувањето на правото по службена должност врз основа на податоци од надлежните институции и службените евиденции.

Со член 6 се утврдуваат доказите и податоците врз основа на кои се докажува исполнувањето на условите за остварување на финансиската поддршка.

Со член 7 се уредува утврдувањето на правото на финансиска поддршка врз основа на податоци доставени од надлежните институции, регистрираните откупувачи и складишта и службените евиденции.

Со член 8 се уредуваат административната контрола, како и обврската на надлежните институции и правните лица за доставување на податоците потребни за спроведување на Законот.

Со член 9 се уредува постапката за донесување решение за остварување или одбивање на финансиската поддршка и правото на жалба на корисникот.

Со член 10 се утврдуваат обврските на корисниците за чување на документацијата и условите и постапката за враќање на неправилно исплатените средства.

Со член 11 се утврдуваат изворот и вкупниот износ на потребните средства, како и начинот на нивното обезбедување и распределба.

Со член 12 се уредува начинот и роковите за исплата на одобрената финансиска поддршка.

Со член 13 се уредува можноста мерките согласно со овој закон да се користат истовремено со други мерки во сточарството и земјоделството, при што се спречува двојно финансирање за иста количина на производ, иста површина или исто грло за иста намена.

Со член 14 се определуваат надлежните институции за вршење надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон.

Со член 15 се уредува начинот на обезбедување на податоците потребни за утврдување на правото на финансиска поддршка, без корисниците да поднесуваат посебно барање.

Со член 16 се определуваат прописите што се применуваат за прашањата кои не се уредени со овој закон.

Со член 17 се уредува влегувањето во сила на законот и неговата примена за производството и активностите реализирани во 2026 година.

## II. МЕЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби од овој Предлог-закон се меѓусебно поврзани и како такви сочинуваат една правна целина и се применливи.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со донесувањето на овој закон и со исплатата на финансиската поддршка наменета за намалување на последиците од економската криза врз земјоделското и сточарското производство, како и врз откупот на земјоделските производи во 2026 година, се очекува да се придонесе кон ублажување на негативните економски последици со кои се соочуваат земјоделските производители и откупувачите.